Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 19-855/4
25.06.2026 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 110, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 143, точка 7 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, на седницата одржана на 25.06.2026 ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Д-р **КАТЕРИНА АНЕВСКА,** СЕ ИЗБИРА за наставник од научните области: 1.01.00.01 - Математика; 1.01.00.09 - Друго (применета статистика, методика и методологија на НИР); во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.** Наставникот го задржува звањето доживотно.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор и вработување на еден наставник од научните области: 1.01.00.01 - Математика; 1.01.00.09 - Друго (применета статистика, методика и методологија на НИР); во сите звања се пријави кандидатот д-р Катерина Аневска.

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, по предлог на рецензионата комисија во состав:

- проф. д-р Ристо Малчески – претседател
- проф. д-р Даниел Велинов – член
- проф. д-р Методи Главче – член

едногласно ја избра д-р Катерина Аневска за наставник од научните области: 1.01.00.01 - Математика; 1.01.00.09 - Друго (применета статистика, методика и методологија на НИР), во наставно-научно звање редовен професор.

Со оглед на тоа што временскиот период за кој д-р Катерина Аневска е избрана во наставно-научно звање вонреден професор ѝ истекува на 03.11.2026 оваа одлука ќе стапи на сила на 04.11.2026.

Скопје, 25.06.2026

Д е к а н

проф. д-р Билјана Стојчевска